Јавно Претпријатие ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО
Ndermarrja Publike PASTRIMI DHE GJELBERIMI
Бр.Nr: 04-534/4
21.05.2025 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО
КУМАНОВО

Јавно претпријатие "Чистота и зеленило" Куманово, врз основа на член 20-г од Закон за вработени во јавен сектор (сл. весник бр.27/2014 и 199/2015), член 22 од Закон за работни односи - (сл. весник 65/05 со измените) како и врз основа на Правилник за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место, во јавниот сектор преку вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор, и врз основа на Правилник 02-1441/1 од 10.10.2016 година, за формата и содржината на јавниот оглас како и пријава за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на нивно бодување за даватели на јавни услуги, распишува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**на неопределено време**
**Бр.2/2025**

1. Работно место - давател на услуга - **советник за евиденција на корисници на системот и наплата,** со шифра КДР 03 05 Б01 178 - извршители – еден (1)
2. Работно место - давател на услуга - **одговорен на контрола,** со шифра КДР 03 05 Б02 063 - извршители - еден (1)
3. Работно место - давател на услуга – **референт за гробишта,** со шифра КДР 03 05 Б02 006 – извршител – еден (1)
4. Работно место давател на услуга - **инкасант- наплатувач**, со шифра на работно место КДР 03 05 Б04 056 – извршител – еден (1)

**Општите услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:**

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го владее Македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место
- да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или со правосилна пресуда да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

Посебни услови што треба да ги исполнува кандидатот за работно место под реден **број 1,** да е со стекнато најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен, најмалку три години работно искуство во струката.
Посебни услови што треба да ги исполнува кандидатот за работно место под реден **број 2,** да е со стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование, најмалку две години работно искуство во струката.
Посебни услови што треба кандидатот да ги исполнува за работно место под реден **број 3,** да е со стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование, најмалку две години работно искуство во струката.

Посебни услови за работно место под реден **број 4** со стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование, со или без работно искуство.

Работно време е 40 часа неделно и трае од понеделник до петок, со можност за поинаков распоред според потребите на работодавецот.

**Рок за пријавување на кандидати е 15 дена од денот на објавување на огласот.**

Заинтересирани кандидати треба да достават:

- пријава (истата може да ја подигнат од Архива на претпријатието)
- свидетелство, односно диплома или уверение (во зависност од посебните услови за работно место)
- доказ за здравствена состојба
- уверение за државјанство
- доказ дека нема забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- доказ за работно искуство (листа за стаж)

Кандидатите комплетната документација да ја достават во Архива на Јавното претпријатие „Чистота и зеленило“ Куманово на ул. „Братство Единство“ бр.30 Куманово или по пошта.

При поднесување на Пријава кандидатот да го наведе бројот на работното место за кое се пријавува.

Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци.

Изборот ќе се изврши во рок од 5 дена од добивање на конечна ранг листа од страна на Комисијата, поднесена до директорот на институцијата.

Селекција и интервју ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапката за вработување.

Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна Пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**в.д.Директор на**
**ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово**
**Ненад Стојановски**

Јавно Претпријатие Ndërmarrja Publike ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО PASTRIMI DHE GJELBËRIMI 9 Куманово-Kumanovë